Процедура

МОНИТОРИНГ И МЕРЕЊА

Доставено:

1.
2.
3.

0	сите	15.11.2005	издание за разгледување			
Измена	**Страна**	**Датум**	**Опис на измената**	**Изработил**	**Проверил**	**Одобрил**

Содржина:

1.0 ПРЕДМЕТ 2

2.0 ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА 3

3.0 ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ 3

4.0 ДЕФИНИЦИИ 3

5.0 ПРОЦЕДУРА 3

5.1 ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМИ ЗА МОНИТОРИНГ И МЕРЕЊА НА ЗНАЧАЈНИТЕ АСПЕКТИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 3

5.2 ИНТЕРЕН МОНИТОРИНГ И МЕРЕЊА 4

5.2.1 Изработка на План за интерен мониторинг и мерења 4

5.2.2 Спроведување на интерен мониторинг и мерења 5

5.3 ЕКСТЕРЕН МОНИТОРИНГ И МЕРЕЊА 5

5.3.1 Изработка на План за екстерен мониторинг и мерења 5

5.3.2 Договарање на екстерен мониторинг и мерења на значајните аспекти на животната средина 5

5.4 ДЕЛУВАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД МОНИТОРИНГ И МЕРЕЊА 6

5.5 АРХИВИРАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ 6

6.0 ДОКУМЕНТАЦИЈА 6

1.0 ПРЕДМЕТ

1.1 Со оваа процедуроа се утврдуваат овластувањата, одговорностите и начинот на спроведување на активностите на мониторинг и мерења на клучните карактеристики операции /активности кои се идентификувани како причинители за значајни аспекти на животната средина и тоа по пат на:

- интерен мониторинг и мерења;
- екстерен мониторинг и мерења;

а заради одредување на актуелниот учинок на **ФРУКТАЛ МАК** во заштитата на животната средина.

Процедурата опфаќа:

- изработка на програми за мониторинг и мерења на значајните аспекти на животната средина;
- интерен мониторинг и мерења;
- екстерен мониторинг и мерења;
- делување врз основа на резултатите од мониторингот и мерењата;
- архивирање на извештаи.

2.0 ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

2.1 Ова процедура се применува во сите организациски делови на **ФРУКТАЛ МАК** во кои се идентификувани значајни аспекти на животната средина.

2.2 Одговорноста за доследна примена на оваа процедура е на раководителите на организациските делова од точка 2.1.

2.3 Одговорноста за следење на доследната примена на оваа процедура одговорен е претставникот на раководството.

3.0 ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ

3.1. **ФРМ-Е-431-101 :** Идентификација и вреднување на аспектите на животната средина

3.2. **ФРМ-Q-424-101 :** Управување со записи

3.3. **ФРМ-Q-560-101 :** Преиспитување на системот за менаџмент со квалитет и животната средина

3.4. **ФРМ-Q-622-101 :** Обука

3.5. **ФРМ-Q-630-101 :** Превентивно-планско и тековно одржување на производната опрема

3.6. **ФРМ-Q-740-201 :** Избор и рангирање добавувачи

3.7. **ФРМ-Q-760-101 :** Контрола на опрема за пратење и мерење

3.8. **ФРМ-Q-851-101 :** Постојано подобрување

3.9. **ФРМ-Е-852-101** : Мониторинг на усогласеноста со законските и другите барања

3.10. **ФРМ-Q-852-101 :** Корективни и превентивни мерки

4.0 ДЕФИНИЦИИ

4.1 **Мониторинг** - набљудување, надзор, мерење или тестирање во планирани интервали заради регулирање или управување.

4.2 **Интерен мониторинг и мерења** - мониторинг и мерења кои ги спроведува **ФРУКТАЛ МАК** со користење на сопствени ресурси.

4.3 **Екстерен мониторинг и мерења** - мониторинг и мерења кои за потребите на **ФРУКТАЛ МАК** ги спроведува екстерна овластена организација.

4.4 **Учинок на заштитата на животната средина** - мерливи разултати од системот за управување со заштитата на животната средина, добиени со контрола на аспектите на животната средина која ја врши организацијата врз основа на својата политика за заштита на животната средина и целите за заштита на животната средина.

5.0 ПРОЦЕДУРА

5.1 Изработка на Програми за мониторинг и мерења на значајните аспекти на животната средина

5.1.1 По утврдувањето и по секоја измена на **Листата на аспекти на животната средина** утврдена со процедурата **ФРМ-Е-431-101**, Работниот тим ангажиран на идентификување и вреднување на аспектите на животната средина утврдува **Програма за мониторинг и мерења на значајните аспекти на животната средина** (Прилог 1) за секој идентификуван значаен аспект на животната средина во рамките на разгледуваниот организациски дел.

Програмата за мониторинг и мерења на значајните аспекти на животната средина за секој значаен аспект на животната средина утврдува:

- конкретен значаен аспект на животната средина (испуштање на хемикалии во вода, емисии на испарувања во воздух...);
- карактеристика (величината која е предмет на мониторинг и мерења);
- врска со законот или прописот за заштита на животната средина, доколку постои (се означува доколку вредноста е карактеристика на законско барање);
- зачестеност на мониторингот и мерењата (по секој или секој n-ти Работен налог за спроведување на процесот, временски доколку е тоа утврдено со закон или пропис за заштита на животната средина...),
- начин, величина и место на узоркување, доколку е тоа применливо;

  Напомена: Доколку методот на мониторинг и мерења не бара земање узорци во претходно наведените колони се внесува н/п (не е применливо).

- утврдена прифатливост на вредноста на карактеристиката;
- назив на методата за мониторинг и мерења;
- врз основа на расположливите ресурси за активностите на мониторинг и мерења, дали мониторингот и мерењата ги врши **ФРУКТАЛ МАК** или овластена организација (да се означи).

  Напомена: Доколку значајниот аспект на животната средина е предмет на закон или пропис за заштита на животната средина мониторинг и мерења се спроведуваат од овластена организација.

5.1.2 Раководителот на организацискиот дела на **ФРУКТАЛ МАК** е одговорен за разгледување на програмата, ја одобрува со својот потпис **Програмата за мониторинг и мерења на значајните аспекти на животната средина** и ја доставува до Претставникот на раководството.

5.1.3 Претставникот на раководството ја преиспитува **Програмата на мониторинг и мерења на значајните аспекти на животната средина** од позиција на усогласеност со оваа процедура и ја верификува со својот потпис, односно бара нејзина измена.

5.1.4 Програмата за мониторинг и мерења представува основа за изработка на интерни /екстерни планови за мониторинг и мерења.

5.2 Интерен мониторинг и мерења

5.2.1 Изработка на План за интерен мониторинг и мерења

Врз основа на верификуваната **Програма за мониторинг и мерења на значајните аспекти на животната средина,** за карактеристиките кои се означени како предмет на интерен мониторинг и мерења, Работниот тим ангажиран на неговата изработка утврдува **План за интерен мониторинг и мерења** (Прилог 2).

Планот за интерен мониторинг и мерења за секој значаен аспект на животната средина утврдува:

- датум на изведување на мониторингот и мерењата;
- операцијата во процесот која претставува причина на утврдениот значаен аспект на животната средина;
- карактеристика која е предмет на мониторингот и мерењата;
- функција која е одговорна за спроводување на мониторингот и мерењата;

- резултат од мониторингот и мерењата.

Раководителот на организацискиот дел го преиспитува **Планот на интерен мониторинг и мерења** со барањата утврдени во **Програмата за мониторинг и мерења на значајните аспекти на животната средина** и од позиција на компетенција на функцијата за спроведување на активностите на мониторингот и мерењата и го одобрува со својот потпис.

5.2.2 Спроведување на интерен мониторинг и мерења

Одговорната функција за спроведување на мониторингот и мерењата според **Планот за интерен мониторинг и мерења** ја утврдува вистинската вредност на карактеристиката, резултатот го внесува во **Планот за интерен мониторинг и мерења** и го потпишува.

Раководителот на организацискиот дел е одговорен за обезбедување ресурси и потребна компетентност на одговорната функција за спроведување на активностите на мониторингот и мерењата, доколку тоа е барано. Евентуално потребната компетентност се обезбедува на начинот утврден со процедурата **ФРМ-Q-622-101**.

Опремата за спроведување интерен мониторинг и мерења е еталонирана и одржувана според соодветните процедури на системот за менаџмент со квалитетот (процедура **ФРМ-Q-760-101** и **ФРМ-Q-630-101**).

5.3 Екстерен мониторинг и мерења

5.3.1 Изработка на План за екстерен мониторинг и мерења

План за екстерен мониторинг и мерења се изработува за сите:

- карактеристики за чии мониторинг и мерења **ФРУКТАЛ МАК** не располага со соодветни ресурси (кадровски, опрема...);
- карактеристики кои се утврдени како предмет на мониторинг и мерења во релевантните закони и прописи за заштита на животната средина.

Раководителот на организацискиот дел во кој се одвива разгледуваниот процес, изработува **План на екстерен мониторинг и мерења** (Прилог 3), а врз основа на **Програмата за мониторинг и мерења на значајните аспекти на животната средина**.

Раководителите на оргнизациските делови доставуваат **Програми за екстерен мониторинг** без пополнета колона "назив на овластена организација" до претставникот на раководството кој ќе ги идентификува екстерните организации за спроведување на екстерен мониторинг и истите ќе ги внесе во доставените **Програми за екстерен мониторинг**.

5.3.2 Договарање на екстерен мониторинг и мерења на значајните аспекти на животната средина

Претставникот на раководството е одговорен преку Договор со екстерната организација, да се адекватно договорени барањата утврдени во **Планот за екстеран мониторинг и мерења**, односно екстерната организација да е компетентна и овластена за мониторингот и мерењата на утврдената карактеристика. При изборот на организација за спроведување на екстерен мониторинг се користи процедурата **ФРМ-Q-740-201**.

Со Договорот исто така се утврдува и обликот и садржината на извештајот од мониторингот и мерењата.

5.4 Делување врз основа на резултатите од мониторинг и мерења

5.4.1 Претставникот на раководството е одговорен за секоја неусогласеност на резултатите на мониторингот и мерењата со прифатливите вредности утврдени во **Програмата за мониторинг и мерења на значајните аспекти на животната средина** да покрене иницијатива за покренување корективни или превентивни мерки на начинот утврден со процедурата **ФРМ-Q-852-101**.

5.4.2 Раководителите на организациските делови се одговорни да обезбедат следење и анализа на резултатите од мониторингот и мерењата заради следење на перформансите на процесите за кои се воспоставени значајни аспекти на животната средина и за тоа го известуваат највисокото раководство на начин утврден во процедурата **ФРМ-Q-560-101**.

5.4.3 Документацијата која се бара со оваа процедура мора да се одржува во согласност со **Листата на значајни аспекти на животната средина** за одреден организациски дел, односно по секоја измена на **Листата на аспекти на животната средина** мора да се ажурира документацијата која се бара со оваа процедура.

5.5 Архивирање на извештаите

5.5.1 Оригиналите на **Програмата за мониторинг и мерења на значајните аспекти на животната** средина се наоѓаат во архивата на претставникот на раководството, а копии кај раководителите на организациските делова од точка 2.1 на оваа процедура.

5.5.2 Оригиналите на **Плановите за интерен и/или екстерен мониторинг и мерења** се наоѓаат во архивите на раководителите на организациските делови, а копии на истите на утврдените места за користење.

5.5.3 Пополнетите **Планови за интерен и екстерен мониторинг и мерења** се наоѓаат во архивите на раководителите на организациските делови во кои плановите и настаауваат.

5.5.4 Сите овластувања за извршување на дејноста на екстерните организации се чуваат во соодветни регистри во рамките на архивата на претставникот на раководството.

5.5.4 Со документацијата на оваа процедура се постапува на начинот утврден со процедурата **ФРМ-Q-424-101**.

6.0 ДОКУМЕНТАЦИЈА

6.1 Прилог 1: Програма за мониторинг и мерења на значајните аспекти на животната средина (ФРМ-Е-451-101.01)

6.2 Прилог 2: План за интерен мониторинг и мерења (ФРМ-Е-451-101.02)

6.3 Прилог 3: План за екстерен мониторинг и мерења (ФРМ-Е-451-101.03)